# КАРПОШ

## неделен Е - БИЛТЕН









**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**

ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

6 - 12 мај 2019 Билтен бр. 320

# БРЕНДИРАЊЕ НА ЛОКАЛИТЕ КОИ СЕ ДЕЛ ОД МОЈ КАРПОШ – МОЈА КАРТИЧКА

Општина Карпош започна со брендирање на сите локали и објекти на повеќе различни бизниси кои се приклучија кон „Мој Карпош - Моја Картичка“.

Секој објект ќе добие налепница која ќе биде поставена на видно место на влезот на локалот или објектот, со цел граѓаните да бидат информирани за угостителските и други објекти во кои можат да купуваат и да добиваат услуги по пониски цени или да добијат друг вид на бенефиција.

Картичката Мој Карпош веќе го привлече вниманието на голем број карпошани кои веќе ги уживаат придобивките на картичката. Граѓаните може да аплицираат за оваа картичка преку веб платформата www.mojkarpos.mk, како и во просториите на урбаните заедници.

Со овој проект воспоставивме трајна соработка меѓу локалната самоуправа, граѓаните и бизнис секторот. Картичката постојано се надградува и унапредува со цел да биде поблиску до крајните корисници, граѓаните и фирмите.

# ГЕРМАНСКИ ИСКУСТВА ЗА ПРЕНАМЕНА НА ЈАВНИТЕ ЗАПУШТЕНИ ПОВРШИНИ



Градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев е во неколкудневна студиска посета на Германија во рамки на која ќе престојува во неколку градови како: Дортмунфд, Штутгарт, Хајделберг, Шорндорф, Минстер и Заербек.

Деновиве, веќе беа одржани повеќе работилници на кои присутните имаа можност да се запознаат со клучните социо - еколошки трендови во општините. Посебна тема на интерес беа климатските промени, како и нивното влијание во секојдневието, рециклирањето на отпадот и неговото паметно искористување.

Гостите на оваа студиска посета имаат можност да се запознаат и со повеќе рекултивирани места во Германија, како на пример, начинот на кој дел од старите и затворени фабрики се претворени во езера, со што се добил еден нов лик на околината во неколку германски градови. Исто така, површините кои некогаш биле депонии денеска се прераснати во иновативни паркови.

Оваа пренамена на запуштените јавни места е добар пример кој Општина Карпош и градоначалникот Богоев се подготвени да го применат и кај нас.





Градоначалникот напомена дека токму Карпош се фокусира на облагородување на јавните запуштени површини. Во таа насока, наскоро ќе започне изведбата на Спортско - адреналинскиот парк долж Кејот на Вардар (од Вештачката карпа до бунарите на р. Лепенец), потег кој до сега беше запуштен и придонесуваше кон загадувањето на Општината и Градот Скопје. Дополнително, се затвораат децениските депонии долж Кејот на Вардар (кај Спортскиот центар „Борис Трајковски“) а намерата е јавниот простор од овие депонии да се користи за спортско - рекреативни цели.

Во склоп на целата студиска посета, градоначалникот на Карпош ги презентира и главните социо - еколошки предизвици на Општината и мерките кои ги презема локалната самоуправа за да се справи со нив.

Оваа посета е во организација на Фондацијата Friedrich Ebert Stiftung, а учествуваат претставници од повеќе градови и локални самоуправи од Европа.








# „ХИГИЕНАТА Е ПОЛОВИНА ЗДРАВЈЕ“ - РАБОТИЛНИЦА ЗА МАЛИТЕ КАРПОШАНИ




Во пресрет на „Меѓународниот ден на медицинските сестри -12 мај,“ vо во средата на 8-ми мај во градинката „Орце Николов“ во Карпош 3 се одржи работилница на тема „ Хигиена на рацете“. На настанот присуствуваа министерот за здравство Венко Филипче, претседателот на Советот на Општина Карпош Андреј Манолев, директорот на ЈЗУ „Здравствен дом-Скопје“ Злате Мехмедовиќ, како и претставнички од Здружението на медицински сестри. Претседателот на Советот Андреј Манолев, од негово лично име, и од името на градоначалникот се заблагодари за здравствената грижа и нега која медицинските сестри им ја пружаат на најмалите жители на Општина Карпош.









- Исклучително сум горд, што во најстарата градинка во нашата земја , во градинката „Орце Николов“, се одвива оваа работилница, во неделата на одбележување на Меѓународниот ден на медицинските сестри, преку која, од најмала возраст треба да им се всадат хигиенските навики на миење на рацете, и колку е тоа важна за здравјето, истакна Манолев. Грижата за најмладата популација, нашите најмали и најмили сограѓани, отсекогаш биле приоритет на нашата локална самоуправа, Општина Карпош. Тоа се обидуваме да го оствариме со создавање на добри услови за престој, со квалитетен и обучен воспитен и згрижувачки кадар, но, и придонесот на медицинските сестри е исклучително значаен. Тие се тие кои „бдеат“ над здравјето на дечињата, првите кои треба да ја пружат помошта доколку им е потребна, изјави претседателот на Советот на Карпош, Андреј Манолев.









Министерот за здравство Венко Филипче, потенцираше дека медицинските сестри во градинките се многу битен кадар, кој од здравствен аспект, ги учат најмалите на хигиена и грижа за сопственото здравје. Филипче нагласи дека Министерството за здравство ќе работи на подобрување како на статусот, така и на условите во кои работат медицинските сестри, како и на вкупното подобрување на состојбите во јавното здравство.
Првиот човек во здравството и подари благодарница за долгогодишната работа на медицинската сестра Славица Митева, која над 40 години работи во детската градинка „13 ноември“ во Општина Центар.

# ИНФРАСТРУКТУРНИ ЗАФАТИ ВО НЕРЕЗИ



Општина Карпош започна со санирање на ударните дупки на улицата „Партизанска“ бр. 7 во населбата Нерези. Изведувач на градежните работи е фирмата „Ленди Груп”, која интервенираше со поставување на нов тампон и два слоја асфалт на оштетениот коловоз. Локалната самоуправа ја ангажираше и фирмата „Изградба”, која ја корегираше пристапната пешачка патека во должина од 30 метри со нови бекатон плочки, на потегот од паркингот на ул. „Ванчо Мицков“, до тротоарот на булеварот „Партизански одреди“.









